**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**13-ти мај, 2009 година**

Ве известуваме дека во организација на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД во посета на Република Македонија пристигнаа професорите Пјер Гарело од Франција и Волфганг Мулер од Германија. Професорот Гарело заедно со Професорот Мулер одржаа предавање на Меѓународната образовна програма на Универзитетот Американ Колеџ.

Овојпат предавањето на Универзитетот Американ Колеџ беше малку поинакво, имено предавањето беше во вид на дебата и постојана интеракција помеѓу двајцата професори и студентите од програмата на Меѓународната политичка економија. Часот беше на различно ниво и на различен начин од сите досега. Студентите беа поделени во групи каде имаа можност за поголема меѓусебна дискусија, дебата, аргументирање и презентација. Темата на која предаваа овие врвни професори е „Политичка економија и новите трендови во ЕУ“.

Професорот Гарело е академик кој предава на еден од најпрестижните факултети во Франција, Универзитетот Прованс. Меѓудругото професорот Гарело е директор и одговорен на академскиот сектор за истражување на Универзитетот Прованс. Професор Пјер Гарело е и директор на два Институти во Франција Институт за истражувања во економијата и фискалната политика - ИРЕФ и Институтот за економски студии - ИЕС. Институтот за економски студии веќе повеќе од 15 години им овозможува на студентите европски академски семинари и студии со врвни професори од Европа. Професорот Гарело им ја претстави оваа програма на студентите и ова е уште една можност која Институтот им ја нуди за да го прошират своето знаење.

Професорот Мулер пак, е директор на Институтот за слободно претприемништво од Германија и професор на Универзитетот во Германија, Професорот Мулер има огрмоно искуство во полето на истражување на различните трендови кои се јавуваат во економијата.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Со своето присуство и предавање, професорите Гарело и Мулер им понудија на студентите уште една единствена можност, да научат нешто повеќе од аспект на меѓународната политичка економија.

Институтот ОХРИД ќе продолжи во оваа насока и во иднина како и досега ќе донесе познати професори од Европа и САД и заедно со Универзитетот Американ Колеџ ќе им понуди на студентите низа новости и знаења од меѓународната економија. Оваа можност нуди огромно животно искуство.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk